**за усвојување на квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Вевчани за 1 квартал 2021 год (образец К1),квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за 1 квартал 2021 година (образец К2) и Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за 1 квартал 2021 год. (образец** К3)

Член 1

Со оваа одлука се врши усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Вевчани за 1 квартал 2021 год .,Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за 1 квартал 2021 година и Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за 1 квартал 2021 год.

Член 2

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Вевчани.

**Бр. 08- 17/7**

**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Претседател,**

**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Советот на општина Вевчани, на 29 тата седница одржана на 19.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за прекатегоризација од општински пат во Регионален пат**

Член 1

Со ова Одлука му се предлага на Министерството за транспорт и врски, општинскиот пат **од спојот со регионалниот пат врска Р2240 (врска со Р1201 Вевчани, Октиси- врска со А2 (Врбиче-Вердани-Смолејца,- Горна Белица- Вишни спој со Р2240 (врска Р1201 Вевчани Октиси-врска А2)**, да и предложи на Владата на Република Северна Македонија, да изврши прекатегоризација од општински пат во Регионален пат од втора категорија согласно критериумите утврдени од Владата на РМ.

Член 2

Прекатегоризација од општински пат во Регионален пат од втора категорија, се врши во согласност со урбанистичкиот план.

Член 3

Обележувањето и километражата на патот утврдена во член 1 од оваа одлука ќе се изврши во рок од шест месеци од денот на прекатегоризацијата во регионален пат.

Член 4

Ова одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Вевчани.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Општинскиот пат утврден во членот 1 на Одлуката, во изминатите десетина години наназад е со значително оптоварување на сообраќајот од причини што често пати особено при евентуални пречки се употребува како алтернативен овој општински пат, а посебно во летниот

период кога фрекфенцијата на сообраќајот е значително зголемена, а дел од учесниците во сообраќајот го користат овој општински пат со цел побрзо и полесно да се вклучат на регионалниот пат Струга -Дебар.

Согласно Уредбата за утврдување на критериуми за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки СЛ. Весник на РМ бр, 13/2010, за да биде јавниот пат категоризиран како регионален пат од прва или втора категорија, потребно е да ги исполнува следните параметри:

- Минимална должина, - Минимален сообраќај, - Современ коловоз и - Поврзување.

Општинскиот пат, **од спојот со регионалниот пат врска Р2240 (врска со Р1201 Вевчани, Октиси- врска со А2 (Врбиче-Вердани-Смолејца,- Горна Белица- Вишни спој со Р2240 (врска Р1201 Вевчани Октиси-врска А2)**, ги исполнува потребните параметри за категоризација на регионални патишта, дадени во прилог 1 , и тоа;

Параметар Р2 – минимална должина на патот е 10 км, Минимален сообраќај ПГДС-Мин-200, ширина на коловозот двосмерен < = 5.0 м. е < = 40% и има поврзување - врска со регионален пат.

Со зголемената фрекфенција на сообраќајот на овој дел од патот дојде до поголеми оштетувања на трупот на патот зашто е потребна итна рехабилитација со нов асфалтен слој низ целата должина на патот.

Заради погоренаведеното Советот на општина Вевчани одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Примерок од Одлуката да се достави до Министерството за транспорт и врски.

**Бр. 08- 17/5**
**19.06.2021 год.**

**Совет на општина Вевчани**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 53 ст.6 од Закон за основното образование (Сл.Весник на РСМ бр.161/2019 и бр. 229/20), Советот на општина Вевчани на 29тата седница одржана на ден 19.06.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање Согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Општинското Основно Училиште „Страшо Пинџур“ Вевчани за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за формирање паралелки од 1во до 9то одделение со помалку од 20 ученици за учебната 2021/2022 година во Општинското Основно Училиште „Страшо Пинџур“ Вевчани.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е и прегледот со број на ученици по паралелки за учебната 2021/2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08- 17/12**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и врз основа на член 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016), Советот на општина Вевчани на 29тата седница одржана на 19.06.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за усвојување на тримесечниот финансиски извештај на јавното претпријатие “Еремја”**

**Вевчани за период од 01.01.2021 година до 01.03.2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за усвојување на тримесечниот финансиски извештај на јавното претпријатие "Еремја" Вевчани за за период од 01.01.2021 година до 01.03.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на "Службен Гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08- 17/9**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016и 35/2018), а во врска со член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ", бр. 161 од 05.08.2019 година), Советот на Општина Вевчани на 29тата седница одржана на 19.06.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за Годишен план за вработување за 2022 во ООУ „Страшо Пинџур" Вевчани**

**Член 1**

Со Одлуката се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година во општинското основно училиште „Страшо Пинџур" Вевчани.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08- 17/10**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 22 став 7 од Закон за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр.05/02), Советот на општина Вевчани на дваесетидеветата седница одржана на 19.06.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за кофинансирање на проектот "Реконструкција на локални улици - "Каланој 1", "Бебекој кошари", "Попаѓини - Кукој", "Мурџеј Дрење" и "Плушкој"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за имплементирање и кофинансирање на проектот **"Реконструкција на локални улици - "Каланој 1", "Бебекој кошари", "Попаѓини - Кукој", "Мурџеј Дрење" и "Плушкој"** на подрачјето на Општина Вевчани, кој е произлезен од Програмата на БРР за развој на селата развојни потреби за 2021 и 2022 година, финансиски подржан од БРР и Владата на РСМ, а ќе се спроведува на територија на општина Вевчани.

**Член 2**

Средствата за имплементација на Проектот **"Реконструкција на локални улици - "Каланој 1", "Бебекој кошари", "Попаѓини - Кукој", "Мурџеј Дрење" и "Плушкој"** во висина до **3 000 000 денари** се обезбедени преку Програмата на БРР за развој на селата развојни потреби за 2021 и 2022 година финансирана од Бирото за регионален развој и Владата на РСМ, а Општина Вевчани се обврзува да учествува со сопствени дополнителни финансиски средства во висина до **367.098,00 денари**.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08- 17/11**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), Советот на општина Вевчани на дваесетидеветата седница одржана на 19.06.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари – моторно патничко возило HYUNDAI - ACCENT LC**

**Член 1**

Со оваа Одлука, на ЈП „Еремја“ Вевчани, се дава на трајно користење без надоместок следнава движна ствар:

1. Моторно патничко возило HYUNDAI ACCENT LC, црна боја, година на производство 2005, со регистарски број VV 0042 AB, број на шасија KMHCG51FP5U294060, број на мотор 5834840, и поминат број на километри 259 499

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Вевчани“.

**Бр. 08- 17/14**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Душко Ѓурѓески**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Вевчани на 29[тата] седница одржана на ден 19.06.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08- 17/8**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 27 ст.4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл. весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18и Сл.весник на СРМ бр. 244/19 ),и член 36 ст.1 точ.15 од Одлуката за изменување и дополнување на статутот на Општина Вевчани (Службен гласник на Општина Вевчани бр.2/2008), Советот на Општина Вевчани на својата **29** седница одржана на ден **19.06.2021** година донесе :

**ОДЛУКА**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА**

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**ЗА ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТОТ НАОПШТИНАТА ЗА 2022 ГОД.**

**Член 1**

Со овој буџетски календар за подготовка на буџетот на општина Вевчани за 2022 година се утврдуваат роковите и носителите на активностите за подготовка на буџетот.

**Член 2**

Роковите и носителите на активностите за подготовка на буџетот за 2022 година се утврдени во следната табела:

| ДАТУМ/РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ-ОДГОВОРНОСТ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| мај 2021 | Донесува буџетски календар | Советот на Општината |
| септември 2021 | Разгледување на Фискална стратегија на РМ за наредните три години | Советот на Општината |
| септември 2021 | Доставување до општински буџетски корисници главни насоки за изготвување на финансиски планови | Градоначалникот на општината |
| септември 2021 | Доставување на финансиски планови со образложение за висината на износите по позиции | Општински буџетски корисници |
| септември 2021 | Разгледување на финансиски планови на општинските буџетски корисници и одредување на приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет | Одделение за финансиски прашања |
| 30 септември 2021 | Буџетски циркулар до општините со насоки | Министерот за финансии |
| септември 2021 | Разгледување на нови барања и предлози и донесување на одлуки | Градоначалникот на општината |
| најдоцна до 20 октомври 2021 | Доставување до советот на општината предлог план на програми за развој | Одделение за финансиски прашања |
| најдоцна до 15 ноември 2021 | Усвојување на предлог програмите за развој | Советот на Општината |
| октомври 2021 | Подготовка на предлог буџетот | Одделение за финансиски прашања |
| ноември 2021 | -Предлог буџетот се доставува до советот на општината<br>-Се објавува содржината на предлог буџетот и се дава на достапност на јавноста<br>-Се одржуваат јавни расправи | Градоначалник на општината |
| до 31 декември 2021 | Седница на советот на општината за донесување на буџетот за 2022 год. | Совет на општина |

**Член 3**

Буџетскиот календар за подготовка на буџетот на општина Вевчани за 2022 година се применува со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Вевчани"

**Бр. 08-17/6**
**19.06.2021 год.**

**Совет на Општина Вевчани**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/2008, 99/09, 149/14 и 150/15) и член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на општина Вевчани на 29тата седница одржана на ден 19.06.2021 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година**

**I.Вовед**

Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ број 66/04,139/2008, 99/09, 149/14 и 150/15) и член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), и според истите заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Република Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Овие мерки вклучуваат:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2.Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

3.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

5.Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1.Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;

2.лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;

3.Пријавување на заразни болести;

4.Епидемиолошки испитувања;

5.Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;

6.Карантин и здравствен надзор;

7.Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;

8.Имунизација и хемиопрофилакса;

9.Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

**II.Активности**

Со Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на општина Вевчани.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Вевчани, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. За заштита на населението од заразни болести во Општина Вевчани, во 2021 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата за пиење и објектите за водоснабдување;

2.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните установи;

3.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено- технички мерки во населени места и други јавни површини;

5.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**1.1 Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата за пиење и објектите за водоснабдување**

Општина Вевчани и во 2021 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдување на населението во општина Вевчани го врши Јавното претпријатие за комунална дејност „Еремија“ –Вевчани.

Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со закон и подзаконски акти, а кои се однесуваат на физичко-хемиските и бактериолошките услови за исправна вода за пиење.(Сл.Весник на РМ.бр46/2008).

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење , вршат две здравствени установи во Република Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за јавно здравје Охрид.

Во Институт за јавно здравје на РМ – Скопје, треба да се носат два пати годишно

мостри од водата. На мострите испратени во ИЈЗ на РМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Од Центарот за јавно здравје – Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2021 година ќе се извршат анализи на 70 примероци од системот за водоснабдување.

На земените примероци во Центарот за јавно здравје Охрид се врши : - Основна физичко – хемиска и микробиолочка анализа - Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

• **Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи на Република Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие за комунална дејност „Еремија“ –Вевчани “.Секојдневно треба да се врши контрола на присуство на резидуален хлор во водата(наутро и навечер со водење на записиЗаради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

• **Вондредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

• **Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци задолжителен здравствено – хигиенски преглед на вработени во објектите за снабдување на населението со вода за пиење и обавување на хурс за хигиена на храна(водата спаѓа во храна) за здобивање на основни знаења од тоа поле поврзано со нивната дејност, за што се добива потврда од Центарот за јавно здравје Охрид како овластена установа за обавување на овој курс.

Пред пуштање во употреба на јавен водовод или дел од мрежата, пред приклучување кон постојниот јавен водовод, како и поправка на дефекти на водоводната мрежа или други објекти на јавниот водовод се врши дезинфекција на објектот.

**2.1. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните установи**

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население.

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Вевчани во тек на 2021 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи.

Планирање и водење на овие активности е во рамките на Агенција за храна и ветеринарство. Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Во училишните установи ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди од страна на санитарниот и здравствен инспектор и Центарот за јавно здравје Охрид.

Врз основа на извештаите за констатираната состојба од теренските

увиди училишта ќе се постапи по предлог мерки за подобрување на санитарно-хигиенските услови во училишните згради.

**3.1.Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води**

Според Одлуката за комунален ред на општина Вевчани, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Јавното претпријатие за комунална дејност „ Еремија“ Вевчани.

За превентивно спречување на појава од заразни болести редовно се врши одржување и темелно чистење на уличната (фекална) канализациона мрежа, ревизионите, приклучни и 4 прекршни шахти. Околу 80% од општината е покриена со линија за фекална канализација, на остатокот се врши редовно чистење.

Организираното отстранување на комуналниот отпад го врши ЈП „Еремија “ – Вевчани. Правните и физичките лица кои создаваат или поседуваат опасен (медицински) отпад, склучуваат договор за собирање и транспортирање на опасниот отпад со правни лица кои поседуваат дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад.

ЈП „Еремија“ Вевчани врши исто така чистење и на одредени диви депонии.

- **Планирани активности**
  - Чистење на улици:
    - улици од прва категорија - секојдневно
    - улици од втора категорија – еднаш неделно
    - улици од трета категорија – еднаш месечно
  - Миење и прскање на улици
    - Миењето на улиците се врши со хидрофори кои се поставени на водоводната мрежа, и миењето на уличите се врши двапати месечно
  - Одвод на смет
    - еднаш неделно од домаќинствата
    - двапати неделно од стопански објекти
  - Дезинфекција
    - Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
    - По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**4.1.Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09,149/14, и 150/15) треба да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, социјални установи, објекти за водоснабдување, пазари, средства за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на општина Вевчани согласно Елаборатите за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација за спречување и сузбивање на вектор – преносливи заболувања на територијата на општина Вевчани изготвени од ЈЗУ Центарот за јавно здравје Охрид, Локалната самоуправа на општина Вевчани ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**4.2. Планирани активности**

- **Дезинсекција**

**Активности**

- Подигање на свеста на населението за здраствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здравствена промоција

**Рок:** во текот на годината

- Исушување на застојни води (бари) и отстранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежи

**Рок:** во текот на годинат

- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Места кои треба да бидат третирани се:зелени површини во општината, подрачјето по течението на реката и водотеци, застојни води, одводни канали.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 30.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно:**

1. **Пролетна дератизација** (прв дел од дератизациониот процес)

   **Рок :** од март до мај
2. **Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес )

   **Рок:** од октомври до ноември

Два пати годишно (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу куќи ( во подрумски простории , шупи) за да не се наруши хигиено- епидемиолошката состојба во општина Вевчани.

Извршителот на дезинсекцијата и дератизацијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки . Избраниот извршител на тендерот го одредува типот на средството за дезинсекцијата и дератизацијата согласно одобрението од Бирото за лекови.

**5.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Општината во соработка со Центарот за јавно здравје ќе го планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести.

Со здравствено воспитување во 2021 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири , трибини, типизирани предавања на учениците од основното образование за заштита од заразни болести, како и изготвување на флаери и плакати.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

- Хепатити
- Инфективни ентероколити
- Имунизација
- Заштита на животната средина
- Сексуално преносливи заболувања
- ХИВ/СИДА
- Вектор преносливи болести
- Здрава исхрана
- Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата

- Бруцелоза
- Вектор преносливи болести

**III.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Вевчани за 2021 година.

Динамиката на извршувањето на активностите ќе зависи од приливот на средства.

**IV.Известување**

Во услови на немање на општински јавни гласила, известувањето и информирањето на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување на третманот.

**V.Мониторинг**

Покрај претставник од локалната самоуправа од одделението за инспекциски работи, мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на Општина Вевчани за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје, како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**VI.Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Вевчани“.

**Бр. 01- 17/13**
**19.06.2021 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на чл.50.ст.1точ.16 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Градоначалник на Општина Вевчани го донесе следниот:

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на службените возила на општина Вевчани**

**Чл.1**

Се врши измена и дополнување на членот 2 од Правилникот за начинот на користење на службените возила на Општина Вевчани (бр.01-111/1 од 26.01.2015 година), односно во Прилогот бр.1, се додава трета алинеа со следниот текст:

- LADA NIVA 4x4 M1- PATNICHKO, со регистарски таблички SK 9047 AS

Чл.2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службено гласило на Општина Вевчани.

**Бр. 01-310/1**
**07.04.2021 година**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на чл.50.ст.1точ.16 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Градоначалник на Општина Вевчани го донесе следниот:

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на службените возила на општина Вевчани**

**Чл.1**

Се врши измена и дополнување на членот 2 од Правилникот за начинот на користење на службените возила на Општина Вевчани (бр.01-111/1 од 26.01.2015 година), односно во Прилогот бр.1, каде во трета алинеа се менува регистарска табличка::

- LADA NIVA 4x4 M1- PATNICHKO, со регистарски таблички SK 9047 AS ќе стои VV 1247 AB

Чл.2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службено гласило на Општина Вевчани.

**Бр. 01-310/2**
**28.05.2021 година**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година**

1. Се објавува, Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/1**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Вевчани за први квартал 2021 година (образец К1), Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за први квартал 2021 година (образец К2) и Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за први квартал 2021 година (образец К3)**

1. Се објавува, Одлуката за усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Вевчани за први квартал 2021 година (образец К1), Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за први квартал 2021 година (образец К2) и Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за први квартал 2021 година (образец К3), донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/2**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од

Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на буџетски календар на општина Вевчани за подготовка на буџетот на општината за 2022 година**

1. Се објавува, Одлуката за усвојување на буџетски календар на општина Вевчани за подготовка на буџетот на општината за 2022 година, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/3**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година**

1. Се објавува, Одлуката за усвојување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Вевчани за 2021 година, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/4**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прекатегоризација од општински пат во Регионален пат**

1. Се објавува, Одлуката за прекатегоризација од општински пат во Регионален пат, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/5**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари – моторно патничко возило HYUNDAI - ACCENT LC**

1. Се објавува, Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари – моторно патничко возило HYUNDAI - ACCENT LC, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/6**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за кофинансирање на проектот "Реконструкција на локални улици - "Каланој 1", "Бебекој кошари", "Попаѓини - Кукој", "Мурџеј Дрење" и "Плушкој"**

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност за кофинансирање на проектот "Реконструкција на локални улици - "Каланој 1", "Бебекој кошари", "Попаѓини - Кукој", "Мурџеј Дрење" и "Плушкој", донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/7**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за усвојување на тримесечниот финансиски извештај на јавното претпријатие "Еремја" Вевчани за период од 01.01.2021 година до 01.03.2021 година**

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност за усвојување на тримесечниот финансиски извештај на јавното претпријатие "Еремја" Вевчани за период од 01.01.2021 година до 01.03.2021 година, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/8**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани,

Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за Годишен план за вработување за 2022 во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани**

1. Се објавува, Одлуката за давање согласност за Годишен план за вработување за 2022 во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/9**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање Согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Општинското Основно Училиште „Страшо Пинџур“ Вевчани за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува, Одлука за давање Согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Општинското Основно Училиште „Страшо Пинџур“ Вевчани за учебната 2021/2022 година, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/10**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Правилникот за плати на вработените во Општина Вевчани**

1. Се објавува, Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за плати на вработените во Општина Вевчани, донесена на дваесет и деветтата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 19.06.2020 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-469/11**
**23.06.2021 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**